# З А П И С Н И К

од седмата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, одржана на 27.2.2023 г., во Канцеларијата за млади, со почеток во 15:00 часот. Присутни: Кристијан Алчинов, Памела Петровска, Марија Јовановска, Георги Петков и Тијана Ристовска. Седницата ја отвори и со неа заседаваше Кристијан Алчинов, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По констатирањето дека се присутни мнозинство членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записник од шестата одржана седница на ЛМС на ОГ;
3. Подготовка на Предлог-Програма за работа на Локален младински совет на Општина Гевгелија за 2024 година;
4. Подготовка на Извештај за работата на Локален младински совет на Општина Гевгелија за 2023 година;
5. Информација за менторска поддршка на Младинскиот совет за учество во процесите на креирање политики за заштита на животната средина на локално ниво;
6. Разно.

Претседателот отвори дискусија за забелешки по дневниот ред. Бидејќи никој немаше забелешки. По што се премина кон избор на записничар. Со четири гласа за, Памела Петровска беше избрана за записничар. Записникот од шестата одржана седница на ЛМС на ОГ беше ставен на гласање и усвоен со 5 гласа за.

Потоа, претседателот отвори претрес по третата точка. За подготовка на Предлог-Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2023 се пријавија Кристијан Алчинов и Тијана Ристовска во соработка со службеникот за млади во Општина Гевгелија. Притоа, 5 члена предлагаа кои активности да бидат опфатени во Предлог-Програмата, како предлози со кои ќе бидат застапени интересите на младитем, вмрежување со други ЛМС-и од други градови, интеракција со млади, кампањи за младински активизам и настани и младински работилници.

По отворениот претрес за 4 точка, за подготовка на Извештајот за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2023 година, се пријавија Георги Петков и Марија Јовановска во соработка со службеникот за млади во Општина Гевгелија.

Во отворената дискусија за 5 точка, се вклучи службеникот за млади во Општина Гевгелија во врска со активностите коишто ќе следат по добиената апликација на ЛМС на ОГ за менторска поддршка за младинско учество и креирање политики за заштита на животната средина на локално ниво. Имено, ЛМС на ОГ со Здружението за млади правници ќе потпише Декларација за заложба се обврзуват за остварување соработка.

Под точка разно, ЛМС на ОГ направи список на потребните материјали за работа на ЛМС на ОГ и Канцеларијата за млади. Бидејќи дневниот ред беше исцрпен, претстедателот ја затвори седмата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, закажувајќи ја осмата седница за 15 јануари 2024 година.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

бр. 19-149/1
15.01.2024 г.
Гевгелија

записничар
Памела Петровска

с.р.

Членови на ЛМС на ОГ,
1. Кристијан Алчинов с.р.
2. Тијана Ристовска с.р.
3. Марија Јовановска с.р.
4. Памела Петровска с.р.
5. Георги Петков с.р.